# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО

# СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД БИТОЛА

# 2022 ГОДИНА

# Содржина:

1.Вовед....3

2.Бруто полисирана премија по  години и класи....12

3.Споредба на премијата со приходи,расходи, добивка и премија....13

4.Финансики резултат....14

**СН Осигурителен брокер АД Битола** претставува најголем **осигурителен брокер** во државата по основ на бруто полисирана премија, број на вработени, број на подружници и реализирани штети. Како општествено одговорна компанија, целиме кон уште поголеми успеси кои се резултат на исполнетите барања на нашите клиенти. Токму тука се евидентира нашата главна цел. Да се грижиме за нив и нивната сигурност, да бидеме доследни кон нивните барања и квалитетно и навремено да ги исполнуваме нивните очекувања.

Задржувајќи го континуитетот од 8 години на лидерска позиција во осигурителниот сектор во Северна Република Македонија и изминатата година беше голем успех за нашата компанија. Постигнатите резултати не прават горди, а уште поголема мотивација секако ни се задоволните осигуреници. Нашата посветеност е она нешто што не задржа на врвот. Фокусот и примарната цел на нашата компанија е градењето на доверба со нашите клиенти и настојување и понатаму да обезбедуваме комплетна згриженост, задоволство и нивна сигурност.

Со голема стручност, посветенсот и слух кон нашите осигуреници, евидентни се успешните резултати од минатата година. Финансиските резултати „говорат" за нашиот успех. СН Осигурителен Брокер Ад Битола ја заврши **2022** година со позитивен финансиски резултат во износ **60,497,915,00** денари пред одданочување. Уште еднаш ја утврдивме стабилната позиција и оценката за добар рејтинг на македонскиот осигурителен пазар.

Со максимална вложеност и професионален однос, го зголемивме капиталот на друштвото, инвестираме во нашата иднина и иднината на нашите осигуреници и нашите вработени. Достојно стоиме зад завидни резултати и ја зголемуваме нашата продажна мрежа, одржувајќи 46 подружници на територијата на Македонија

Со бројните инвестиции кои ги извршивме во 2022 година, ја зголемивме стабилноста на друштвото, капацитетите за пласирање и градење на нови бизниси, кои се темелат на успешно реализираната корпоративна обврзница и свежиот капитал кој го засили капацитетот на функционалност на друштвото.

Сметаме дека осигуренците и деловните соработници во нас препознаваат сериозен и стабилен партнер, со висока корпоративна култура заснована на транспарентно и тимско работење, па од тој аспект тие се верни корисници на нашите услуги и оваа година со уште позасилен интензитет.

Тимот на СН Осигурителен брокер АД Битола Ве уверува за подинамична и поуспешна идна соработка со зголемен капацитет и можност за користење на нашите услуги базирани на квалитетниот и искусен кадар кој постојано се зголемува со цел да излезиме со поуспешна и поквалитетна бизнис приказна во периодот кој следува.

# 1.Вовед

## 1.1 ПРОФИЛ НА ДРУШТВОТО

Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола е акционерско друштво овластен за вршење на осигурително брокерски работи со дозвола издадена и мониторирана од Регулаторот на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија, Агенција за супервизија на осигурувањето, под број УП 07-2-1044, издадена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, на ден 13.10.2014 година. Друштвото е основано од страна на пет акционери кои се докажани претприемачи и двајца акционери - експерти кои ја вршат функцијата на брокери и извршни директори и истото има покритие за одговорност од дејност на износ од 2.000.000,00 евра. Како такво започна со работа на ден 04.12.2014 година и оттогаш па навака ги врши следните дејности:

- посредување при договарање на осигурително и реосигурително покритие на осигуреници;

- посредување при реализирање на оштетни побарувања по остварени осигурани штетни настани;

- снимање на ризици;

- посредување при проценување на штети;

- посредување при продавање на остатоци од осигурани оштетени предмети;

- воведување на мерки за спречување, намалување и отстранување на штети и ризици кои претставуваат опасност во неживотно осигурување;

- изготвување на адекватни анализи за ризик и предлагање на соодветно осигурително покритие;

- информирање на друштвото за осигурување за намерата на осигуреникот за склучување на договор за осигурување, како и запознавање на осигуреникот со условите на полисите за осигурување и прописите кои го регулираат определувањето на износот на премиите;

- посредување во име на осигуреникот заради склучување на договор за осигурување кој, земајќи ги во предвид сите околности кои се од значење за ризикот на поединечниот случај, ќе му обезбеди на осигуреникот најсоодветно покритие;

- проверување на содржината на полисите за осигурување;

- укажување на правна помош во осигурувањето, како и соработување со надлежните службени лица кај клиентот заради подготвување на доказна документација за основот и висината на оштетното побарување, како и заради прибирање на други неопходни докази;

- посредување при склучување на договори за осигурување со странски друштва за осигурување, доколку осигурувањето, односно реосигурувањето на некој ризик не може да се изврши во Република Македонија.

Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола промовира високи стандарди на професионализам, со што обезбедува континуирано подобрување на квалитетот, а сето тоа го постигнува со користење на стручноста и креативноста на членовите на тимот и нивната желба и посветеност за задоволување на потребите на клиентот.

**ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО**

Органи на Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола се:

1.Собрание на акционери.

2.Одбор на директори.

Собранието на акционери е највисок орган на Друштвото преку кој акционерите ги остваруваат своите права и интереси. Истото може да работи доколку на седницата присуствуваат верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас. Секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас. Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен доколку со Законот за трговските друштва или со Статутот на Друштвото не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на Собранието. Собранието, помеѓу другото, ја одобрува и работата на членовите на Одборот на директори, односно начинот на водењето и управувањето со Друштвото.

Одборот на директори е орган кој управува со Друштвото. Истиот има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на Друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на одборот на директори.

## ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО

Примарни цели на Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола се континуирано ширење на продажната мрежа низ државата и доближување до осигурениците, а преку почитување на највисоките етички стандарди при задоволување на барањата, потребите и очекувањата на истите. Заради успешна реализација на ваквите вредности Друштвото е насочено кон обезбедување на најквалитетни услуги, односно најсоодветно осигурително решение за осигурениците, а преку нудење на сите видови на осигурување. Друштвото, имајќи ги во предвид и потребите на осигурувачите, имплементира најсофистициран сервис во осигурувањето, како и стручност, ефикасност, инвентивност и транспарентност во работењето.

Со цел постигнување на што поголеми резултати, имајќи ги во предвид условите за работа, Друштвото е фокусирано на следните цели:

- следење на состојбите на пазарот;
- следење и анализирање на конкуренцијата, како и зајакнување на позицијата на Друштвото во однос на истата;
- предлагање и воведување на нови начини за презентирање на услугите, промоции на пакети, промоции по специјални цени и слично;
- нудење на услугите на начин и по цени кои ќе овозможат издвојување од конкурентските осигурителни брокери;
- брзо, навремено, професионално и точно одговарање на барањата на клиентите;
- зајакнување на бизнис врските со постоечките клиенти, како и контактирање и стекнување на нови клиенти;
- работење согласно позитивните прописи;
- обезбедување на економично и ефикасно работење;
- грижење за одржување и зголемување на вредноста на капиталот на Друштвото.

Особено значаен придонес во остварувањето на целите на Друштвото имаат и вработените во продажните центри на Друштвото, како во Битола, така и во подружниците низ државата, бидејќи истите, преку директен контакт со клиентите, добиваат информации за состојбите на пазарот, врз основа на кои се креираат и условите за работа.

**РАЗВОЈ НА ДРУШТВОТО**

Развојната политика на Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола се дефинира, се реализира и постојано се следи од страна на членовите на Одборот на директори.

Во текот на 2022 година Друштвото организира повеќе подружници низ

државата и тоа:

Подружницата бр.2 во Штип е организирана на ден 24.01.2022 година

Подружницата бр.5 во Тетово е организирана на ден 27.05.2022 година

Подружницата бр.2 во Карпош е организирана на ден 15.07.2022 година

Подружницата бр.1 во Драчево е организирана на ден 05.12.2022 година

Подружницата бр.1 во Автокоманда е организирана на ден 05.12.2022 година

Подружницата бр.1 во Македоснка Каменица е организирана на ден 07.12.2022 година

Подружницата бр. во Делчево е организирана на ден 07.12.2022 година

Со што бројот на подружници заклучно 31.12.2022 година изнесува четириесет и шест подружници низ целата терирорија на РСМ.

Друштвото во деловната 2022 година, врз основа на исклучително позитивните резултати во 2020 и 2021 година, заклучно со 26 февруари 2022 година, од понудените 8.000 корпоративни обврзници продадени се вкупно 7.583 хартии од вредност за износ од 75.830.000,00 денари. Тоа значи дека обврзницата е успешна, односно реализацијата е 94,7875 %.

Дел од средствата кои СН Осигурителен Брокер ги обезбеди преку издавањето на корпоративната обврзница, како што денеска соопшти компанијата, ги вложи во купување на недвижност во Скопје во КО Злокуќани на ден 14.06.2022 година со што го зголеми капиталот на Друштвото.

На седница одржана на 27.05.2022 година, Одборот на директори на Македонска берза донесе Одлука за котација на корпоративни обврзници издадени од СН Осигурителен брокер АД Битола на Официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје, на подсегментот Берзанска котација. Тоа значи дека имателите на обврзници, доколку имаат потреба од ликвидни средства, можат да ги продаваат обврзниците на секундарниот пазар.

Друштвото во деловната 2022 година, направи и измени во органите на управување на начин што на место досегашниот член на Одбор на директори-неизвршен член на Одбор на директори Никола Јошевски е избран Иванчо Дафовски како неизвршен член на Одбор на директори на ден 01.07.2022 година со мандат од 6 години.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во услови на современо живеење и делување човечките ресурси се еден од критериумите преку кој се определува конкурентноста на осигурителните брокерски друштва. Инвестирањето во развојот на човечките ресурси дава квалитет кој влијае врз зголемувањето на финансиските резултати. Оттука, разбирливи се и активностите во насока на постојано надградување и усовршување на знаењата и квалификациите на работниците. Човечките ресурси играат важна улога во продажбата,тие се тие кој со подобрување на културата и здравата атмосфера во компанијата ке придонесат висока продуктивност а со тоа и ќе привлечат нови таленти.

-Градењето на доверлив однос со вработените е првиот чекор за создавање на позитивна клима во осигурителната компанија. Кога вработените имаат доверба во организацијата, тие веруваат во нејзините одлуки и визија. Сепак, довербата не е нешто што може да се создаде преку ноќ – за да се стекне е потребно многу време и труд.

Тенденциите на Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола се насочени кон постојано подобрување на квалификационата структура на Друштвото, да обезбедат дополнителни обуки, пристап до семинари за да му помогнат на вработениот да остане информиран и актуелен. Тоа значи вработениот да биде во тек со случувањата во индустријата, однесувањето на клиентите, однесувањето на конкурентите и многу повеќе.

Исто така, преку зголемување на учеството на млад и високо квалификуван кадар во истата. Главно вработување во 2022 година во најголем дел се однесуваа на нови вработувања заради потребите на продажбата следејќи ја политиката на СН Осигурителен броекер АД Битола за развој на сопствената продажна мрежа, а помал дел на трансформација на веќе вработените во Друштвото од определено во неопределено време, или од една во друга работна позиција.

Престанокот на вработувањата во најголем дел се однесуваат на вработените кои не ги постигнале задоволителните резултати во своето работење со што не им се продолжил договорот за вработување во Друштвото, а помал дел на самоиницијативно заминување од Друштвото. Најголем дел од флуктуацијата на вработените се случува во Секторот за продажба, и тоа во агентската мрежа.

Политиката на вработување во 2022 година беше непосредно поврзана со потребите на работата, односно поврзана со обемот на активности во делот на продажбата и адекватна поддршка која треба да ја добива Друштвото од другите сектори, а главна цел е мотивација, усовршување и оптимално користење на потенцијалот на вработените.

Во СН Осигурителен брокер АД Битола во сите сектори во текот на 2022 година беше евидентирана следнава состојба на нови вработени, и тоа по работни позиции:

1. Референт за продажба - 16 нови вработени;
2. Референт за наплата - 1 нов вработен;
3. Осигурителен брокер – 2 нови вработени;
4. Администратор – 4 нови вработени
5. Правник – 2 нови вработени
6. Портир – 1 нов вработен
7. Обезбедувач – 1 нов вработен
8. Хаус мајстор – 1 нов вработен
9. Раководител на возен парк – 1 нов вработен
10. Сметководител – 2 нови вработени
11. Инфоматичар – 1 нов вработен

Односно, 116 вработени се на определено работно време и 25 вработени на неопределено работно време или вкупно 141 вработени.

Како општествена и одговорна компанија, СН Осигурителен брокер меѓу останатите примати, во својот фокус го става и потенцијалот на младите како дел од уредувањето во поглед на HR менаџирањето.

Земајќи ги во предвид талентот, интелектуалната моќ и нивниот потенцијал, компанијата СН Осигурителен Брокер стреми кон согледување на токму тој статус на младиот човек во нашето општество.

Откривањето на нивниот талент и континуираната мотивација кон уште поинтензивно надградување во контекст на осознавање на нови вредности, учење и совладување на задачите, а воедно и нивните аспирации, е пракса која води до градење на недискриминирачко и инклузивно општество, кое се насочува кон запознавање и постепено инволвирање на младиот кадар во заедницата.

Во тоа име, нашата компанија започна соработката со факултетите под универзитетот „св. Климент Охридски - Битола", со која им овозможуваме практикантска работа на голем број студенти, а таа пракса во иднина ќе ја продолжиме со тенденции за што повеќе вработувања на младиот квалитетен кадар.

Друштвото и во иднина ќе продолжи со вработување на квалификуван и квалитетен кадар, со инвестирање во надградување и усовршување на истиот, како и со осовременување на процесот на работа и на технолошките и информациските ситеми, сè со цел постигнување на уште поголеми финансиски резултати.

## ДЕЈНОСТ НА ДРУШТВОТО

Основна дејност на Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола е посредување во осигурување. Друштвото е посредник во осигурувањето коjшто работи прогресивно, но со голема свесност за ризиците. Довербата, сигурноста и солидарноста се квалитети коишто го красат Друштвото не само во односите со клиентите, туку и во односите со акционерите, вработените и деловните партнери. Чесноста, разновидноста, еднаквите можности за клиентите, како и

максималната посветеност на задоволување на потребите на истите се вредности врз коишто се темели секоја деловна одлука на Друштвото.

Издавањето на коорпоративната обврзница е од историско значење бидејќи компанијата стана првиот правен субјект од нефинансискиот сегмент на националната економија кој издава долгорочни хартии од вредност – корпоративна обврзница.

Издавањето на долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда прва емисија на корпоративни обврзници е одобрено со Одлука бр. 02-300/20 од 10.5.2021 година донесена од Собранието на акционери на СН Осигурителен Брокер и одобрена со Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија УП бр.10-84 од 09.08.2021 година. Предмет на јавната понуда беше првата емисија на 8 000 долгорочни должнички хартии од вредност, односно корпоративни обврзници. Номиналната вредност на корпоративната обврзница е 10. 000 денари по лот во вкупен номинален износ од 80 милиони денари. Еден лот е една обврзница. Продажбата се вршеше по пат на јавна понуда преку Македонска берза АД Скопје, согласно Правилата за тргување на берзата од Анекс 3, според моделот на фиксна цена со давање приоритет на налози со порано време на внес на налогот во БЕСТ-системот. На 12 август минатата година, Поканата за запишување и уплата на долгорочни должнички хартии од вредност согласно правилата друштвото ја објави во еден од дневните весници во Републикава. Проспектот и поканата беа објавени и на веб-страниците на друштвото и на Македонската берза. На 26 август 2021 година започна шестмесечниот рок за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда. Заклучно со 26 февруари 2022 година, од понудените 8. 000 корпоративни обврзници продадени се вкупно 7 583 хартии од вредност за износ од 75 830 000,00 денари. Тоа значи дека обврзницата е успешна, односно реализацијата е 94,7875 %.

# 2. БРУТО ПОЛИСИРАНА ПРЕМИЈА

| класи на осигурување | Износ |
|---|---|
| 01. Незгода | 20,260 |
| 02. Здравствено | 16,716 |
| 03. Каско моторни возила | 43,621 |
| 04. Каско шински возила | 0 |
| 05. Каско воздухоплови | 0 |
| 06. Каско пловни објекти | 49 |
| 07. Карго | 5,047 |
| 08. Имот од пожар и др.опасн. | 10,635 |
| 09. Имот останато | 286,220 |
| 10. АО (вкупно) | 304,599 |
| 11. Одговорност воздухоплови | 0 |
| 12. Одговорност пловни објекти | 142 |
| 13. Општа одговорност | 3,980 |
| 14. Кредити | 0 |
| 15. Гаранции | 0 |
| 16. Финансиски загуби | 51 |
| 17. Правна заштита | 0 |
| 18. Туристичка помош | 7,758 |
| 19. Живот | 17,078 |
| 20. Брак или породување | 0 |
| 21. Удели во инвестициски фондови | 546 |
| 22. Осигурување на тонтина | 0 |
| 23. Осигурување на средства за капитал | 0 |
| **Вкупно** | 716,702 |

*Податоците се во 000 денари

# 4.СПОРЕДБА НА ПРЕМИЈА СО ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ДОБИВКА

| Р.Б | ГОДИНА | ПРИХОДИ | РАСХОДИ | БРУТО ДОБИВКА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2015 | 10,521,534.00 | 9,497,375.00 | 1,024,159.00 |
| 2 | 2016 | 32,718,327.00 | 26,423,166.00 | 6,295,161.00 |
| 3 | 2017 | 67,531,833.00 | 49,481,920.00 | 18,049,913.00 |
| 4 | 2018 | 119,524,762.00 | 82,273,281.00 | 37,251,481.00 |
| 5 | 2019 | 222,645,938.00 | 165,348,126.00 | 57,297,812.00 |
| 6 | 2020 | 244,608,105.00 | 187,132,916.00 | 57,475,189.00 |
| 7 | 2021 | 299,875,193.00 | 240,560,247.00 | 59,314,946.00 |
| 8 | 2022 | 302,352,253.00 | 241,854,338.00 | 60,497,915.00 |



# 4.ФИНАНСИКИ РЕЗУЛТАТ

Во 2022 година СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР оствари позитивен финансиски резултат од своето работење во износ од а 60,497,915.00

Вкупните приходи од работењето изнесуваат 302.352.253.00 денари (2020: 299,875,193.00 денари), Вкупните расходи од работењето во 2022 година изнесуваат 241,854,338.00 денари (2021: 240,560,247.00).

**Биланс на состојба**

(Извештај за финансиската состојба)

*Податоците се во 000 денари*

| Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|
| *СРЕДСТВА* | | | |
| **ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **264,503** | **493,917** | **187** |
| Нематеријални средства | 0 | 0 | 0 |
| **Материјални средства** | **264,503** | **490,238** | **185** |
| Недвижности | 198,481 | 375,975 | 189 |
| Постројки, опрема, транспортни средства, алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел | 66,022 | 114,263 | 173 |
| Биолошки средства | 0 | 0 | 0 |
| Останати материјални средства | 0 | 0 | 0 |
| **Вложувања во недвижности** | 0 | 0 | 0 |
| **Долгорочни финансиски средства** | **0** | **3,679** | **0** |
| Вложувања во подружници | 0 | 0 | 0 |
| Вложувања во придружени претпријатија | 0 | 0 | 0 |
| Побарувања по дадени долгорочни заеми | 0 | 0 | 0 |
| Вложувања во хартии од вредност | 0 | 47 | 0 |
| Останати долгорочни финансиски средства | 0 | 3,632 | 0 |
| **Долгорочни побарувања** | 0 | 0 | 0 |
| **Одложено даночно средство** | 0 | 0 | 0 |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **861,741** | **1,105,196** | **128** |
| Залихи | 39 | 39 | 100 |
| Побарувања од купувачите | 799,870 | 1,017,338 | 127 |
| Останати побарувања | 45,142 | 75,253 | 167 |
| Краткорочни вложувања | 0 | 0 | 0 |
| Пари и парични еквиваленти | 14,615 | 8,203 | 56 |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | 2,075 | 4,363 | 210 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **1,126,244** | **1,599,113** | **142** |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | | | 0 |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| ***ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ*** | **187,444** | **233,058** | **124** |
| Основна главнина и ревалоризациони резерви | 84,143 | 84,143 | 100 |
| Резерви | 3,096 | 28,463 | 919 |
| Акумулирана добивка (загуба) | 100,205 | 120,452 | 120 |
| Малцински удел | 0 | 0 | 0 |
| ***ОБВРСКИ*** | **938,800** | **1,366,055** | **146** |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **661,948** | **831,144** | **126** |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 424,687 | 491,215 | 116 |
| Обврски за краткорочни кредити и хартии од вредност | 199,620 | 286,900 | 144 |
| Краткорочни резервирања | 0 | 0 | 0 |
| Обврски кон државата | 16,263 | 15,647 | 96 |
| Останати краткорочни обврски | 10,338 | 14,757 | 143 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР) | 11,040 | 22,625 | 205 |
| Обврски по основ на нетековни средства (или групи за отуѓување) кои се чуваат за продажба и прекинати работења | 0 | 0 | 0 |
| **ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **276,852** | **534,911** | **193** |
| Обврски за долгорочни кредити и хартии од вредност | 276,852 | 534,911 | 193 |
| Обврски кон добавувачи и останати долгорочни обврски | 0 | 0 | 0 |
| Останати долгорочни резервирања | 0 | 0 | 0 |
| Одложени даночни обврски | 0 | 0 | 0 |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **1,126,244** | **1,599,113** | **142** |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА** | | | 0 |

## Биланс на успех

(Извештај за сеопфатна добивка)

*Податоците се во 000 денари*

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | кумулативно од почетокот на годината | во однос на претходна година |
| 1 | **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | **299,062** | **301,697** | **101** |
| 2 | Приходи од продажба | 281,073 | 276,320 | 98 |
| 2а | Приходи од продажба на домашен пазар | 281,073 | 276,320 | 98 |
| 2б | Приходи од продажба на странски пазар | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | XXXXX | XXXXXX | xxxxx |
| 4 | Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Залихи на готовите производи и на недовршено производство на крајот на годината | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Капитализирано сопствено производство и услуги | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Останати оперативни приходи | 17,989 | 25,377 | 141 |
| 8 | **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **217,403** | **210,057** | **97** |
| 9 | Набавна вредност на трговски стоки | 0 | 11 | 0 |
| 10 | Трошоци за суровини и други материјали | 9,158 | 8,666 | 95 |
| 11 | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 23,677 | 23,507 | 99 |
| 13 | Останати трошоци од работењето | 88,030 | 88,338 | 100 |
| 14 | Трошоци за вработените | 60,214 | 64,306 | 107 |
| 15 | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 11,388 | 14,455 | 127 |
| 16 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Резервирања за трошоци и ризици | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Останати расходи од работењето | 24,936 | 10,774 | 43 |
| 20 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **81,659** | **91,640** | **112** |
| 21 | **Финансиски приходи** | **813** | **655** | **81** |
| 21а | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 813 | 655 | 81 |
| 21б | Останати приходи од финансирање | 0 | 0 | 0 |
| 21в | Удел во добивката на придружените друштва | 0 | 0 | 0 |
| 22 | **Финансиски расходи** | **23,158** | **31,798** | **137** |
| 22а | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 23,158 | 31,798 | 137 |
| 22б | Останати расходи од финансирање | 0 | 0 | 0 |
| 22в | Удел во загубата на придружените друштва | 0 | 0 | 0 |
| 23 | **Добивка/ загуба од редовно работење** | **59,314** | **60,497** | **102** |
| 24 | Добивка/ загуба од прекинато работење пред оданочување | | | 0 |
| 25 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **59,314** | **60,497** | **102** |
| 26 | Данок од добивка | 8,582 | 6,348 | 74 |
| 27 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **50,732** | **54,149** | **107** |
| 28 | **Малцински интерес** | | | 0 |
| 29 | **Нето добивка/загуба која им припаѓа на акционерите на друштвото** | **50,732** | **54,149** | **107** |
| 30 | Нето останата сеопфатна добивка/загуба | | | 0 |
| 31 | **Вкупна сеопфатна добивка/загуба** | **50,732** | **54,149** | **107** |

Позитивните резултати, што СН Осигурителен Брокер АД Битола ги постигнува во континуитет во текот на овие осум години се одраз на експертизата и балансираното управување со фирмата, посветеноста и придонесот на целиот тим. СН Осигурителен Брокер е синоним за квалитетна, ефикасна и брза услуга за целосниот спектар на услуги кои што ги нуди и постојано инвестирање и вложување во нови знаења и обучување на нашиот млад професионален и перспективен кадар кој посветено се грижи за клиентите.

Во периодот којшто следува, Осигурителното брокерско друштво СН

ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола, со интензивирана активност во дејноста, ќе продолжи со успешно реализирање на своите активности, со цел задржување на добрата позиција во осигурителниот брокерски сектор.

Осигурителното брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола ја заврши деловната 2022 година со проектиран бизнис план за активностите од 2023 до 2028 година.

Напорите за успешно работење на Друштвото нема да запрат. Продолжуваме понатаму со уште поголем ентузијазам за нови успеси, сè со цел задоволство на нашите постојани, но и идни осигуреници.
Да се грижиме за нив и нивната сигурност, да бидеме доследни кон нивните барања и квалитетно и навремено да ги исполнуваме нивните очекувања.

Битола, 28.02.2023 година

Извршни директори

Зоран Пејчиновски________________

Николина Таневска________________

СН Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР 47 АД Битола